СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од 79-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 ноември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**79-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 12.11.1997 година**


| | |
|---|---|
| | Дневен ред на стр: 26 |
| 1. АБДИ ФАИК - 16, 17 | точка 1 на стр. 30 |
| 2. БУЗЛЕВСКИ ВЛАДИМИР -14, 19, 23 , 24 | II 2 II 37 |
| 3. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 17, 24 | II 3 II 37 |
| 4. МИНОВ ПАНЧО - 2, 46, 73 | II 4 II 37 |
| 5. МИЛОШЕВСКИ КОЛЕ - 34 | II 5 II 50 |
| 6. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 76, 78 | II 6 II 52 |
| 7. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 15, 17, 81(заклучок) | II 7 II 54 |
| 8. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 84 | II 8 II 59 |
| 9. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 9, 13, 15 | II 9 II 59 |
| 10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 61, 62 | II 10, 11 се повлечени од |
| 11. СПАСОВ ЃОРЃИ – 62 | II предлагачот стр 60, 63 |
| 12. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 79 | II 12 II 63 |
| 13. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 21, 22 | II 13 II 82 |
| 14. ТРАЈКОВ РИСТО – 44 | II 14 II 83 |
| 15. ТОДОРОВА СОФИЈА - 65, 71 | II 15 II 85 |
| 16. ФИТИ ТАКИ - 5, 21, 30, 32, 38, 40 | II 16 II 86 |
| 17. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ – 32 | II 17 II 86 |
| 18. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 22 | II 18 II 88 |
| | II 19 II 29 |
| | II 20 II 88 |
| | II 21 II 83 |
| | II 22 II 89 |
| | II 23 II 89 |
| | II 24 II 90 |


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од 79-тата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12 ноември 1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12.05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 79-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ратка Куљан Зографска, Илинка Митрева, Рами Туда, Хисен Рамадани, Панче Насе и Тодосие Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува,

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 74-тата, 75-тата, 76-тата и 77-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (нема).

Констатирам дека записниците од 74-та, 75-та, 76-та и 77-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Поради спреченост на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој се наоѓа на службен престој во странство предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште ќе го разгледаме на наредната седница на Собранието.

I/2 вц/дв

Пратеничката група на ПДП побара Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на РМ, поради потребата од дополнителни и пообемни консултации во пратеничката група, да се одложи од оваа седница.

Кој е за предлогот на пратеничката група на ПДП молам да крене рака?

Г-динот Панчо Минов има деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во име на предлагачите на Предлогот за донесување на деловник на предлогот за донесување на деловник на Собранието на РМ тоа сме седуммина членови на Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања, должен сум како нивни претставник, во име на нивното предлагање да истакнам дека е неопходно донесувањето на предлогот за донесување на деловник, од познати причини што сеуште работиме со привремен деловник и со примена на одредбите од стариот деловник кои не се во спротивност со Уставот на РМ.

Во овој предлог за донесување на деловник се вградени сите позитивни искуства од досегашната седумгодишна работа на Собранието на РМ. Исто така, вградени се и сите компаративни сознанија од експертите на Советот на Европа и од Американската правна асоцијација, во смисла, организацијата и функционирањето на Собранието да биде поефикасно и со поквалитетна работа и одлучување.

Деловникот на Собранието на РМ покрај овие позитивни придобивки од досегашната работа на Собранието и од работата на парламентарните системи од земјите од европската унија исто така го уредува и прашањето на положбата и улогата на опозицијата кое во постојниот деловник не е регулирано и тоа значи еден прилог кон демократските односи во работата и одлучувањето на Собранието.

Деловникот може да се донесе единствено ако се стави во процедура на негово усвојување, а не со одлагање.

Овој деловник е во интерес за поквалитетна работа, функционирање и одлучуваше на Собранието и овој Деловник на крај е шанса сите отворени прашања само со расправа во собраниска процедура и во собраниска постапка на одлучување да се решат и се одлучи и за сите отворени прашања, вклучувајќи го и прашањето за употребата на јазикот од собранискaта говорница, она што ние го предлагаме, бидејќи тоа со Уставот на Република Македонија веќе е решено дека официјален јазик е македонскиот јазик и кирилското писмо и дека нема потреба со овој предлог на деловник да се уредува употребата на јазикот. Но, ако има други предлози, само во собраниска процедура тие отворени прашања може да се решат.

Во тој правец во име на предлагачите, уште еднаш повторувам и инсистирам да не се изгласа одлагањето на овој деловник односно тој да се разгледува на оваа седница и со тоа да се отвори првата фаза. Ако има пообемни забелешки и мислења може да оди и во втора и во трета фаза, тоа е предвидено. Но, само ако се разгледува во собраниска процедура така може и со усвојување да се донесе деловник а не со одлагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеничката група на ПДП молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (15)

Дали некој се воздржува од гласање ? (10)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

(реагирање од место на ЛДП по однос на бројот на гласовите).

Ве молам, дали се сомневате во бројот на присутните пратеници.

(во броењето)

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата?

Имам информација дека во салата се присутни 80 пратеници.

Во секој случај предлогот е прифатен.

Група од 20 пратеници поднесоа предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар, на 9 јули 1997 година и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (11)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе барање за применување односно доследно и автентично толкување на членовите: 5, 59 и 61 од Деловникот на Собранието на РМ од членот 7 од Уставот на РМ и предлагам ова прашање да биде разгледано на денешната седница.

Барањето ви е доставено односно поделено.

Кој е за предлогот на Сали Рамадани молам да крене рака? ( б)

Дали има некој против? (46)

Дали некој се воздржува од гласање (4)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој, за реализација на проектот рехабилитации и преструктуирање на наводнувањето.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон. ТАКИ ФИТИ:

Сакам посебно да нагласам дека станува збор за мобилизирање на заем од меѓународната банка за обнова и развој а кој што е наменет за рехабилитација на системот за наводнување во РМ.

Сите вие знаете дека системите за наводнување се во прилично лоша состојба и дека на овој начин тие можат комплетно да бидат рехабилитирани, особено заради фактот што станува збор за износ од околу 32,5 милиони американски долари и во рамките на тоа има ИДА-компонента. Тоа е кредит под извонредно поволни услови и плус тоа во рамките на тој износ има грант од Холандската влада, во износ од околу 12 милиони американски долари.

Мислам дека ова е добра прилика тој кредит да се мобилизира да се искористи и заради итноста на процедурата јас молам да биде ставен на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка (70)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по' итна постапка да се донесе законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој, по договорот за кредит, по проектот рехабилитација и преструктуираше на наводнувањето.

Предлогот на законот ви е поделен.

Да не го повикуваме повторно претставникот на Владата да ни даде образложение, мислам дека важи истото образложение што министерот ни го даде по претходниот закон.

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ( Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата му предлага на Собранието да го дополни предлогот на дневниот ред за оваа седница со Предлог на одлука за именување на заменици на секретарот на РМ и Предлог на одлука за именување и разрешување на републички советници на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуките ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на Комисијата.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

I/7

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација по проектот - рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

2. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој , по договорот за кредит по проектот рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

3. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој за реализација на вториот дел од проектот за развој на приватниот сектор со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Кралството Данска за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Македонската влада и Италијанската Влада за реципрочно признавање на конверзијата на возачките дозволи, со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата помеѓу Владата на РМ и Владата на САД за консолидација и репрограмирање на одредени долгови со предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување
и дополнување на законот за трговските друштва со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за заштита на топографија и интегрални кола.

9. Предлог за донесување на закон за заштита и предучилишно воспоставање на децата.

10. Предлог за донесување на закон за државен печат на Република Македонија.

11. Предлог за донесување на закон за печат и жигови со грбот на Република Македонија.

12.. Бараше за давање на автентично толкување на членот 19 став 1 точка 1 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" бр.34/92, 62/92, 63/92, 3/93, 4/93, 80/93, 42/94, 4/96, 71/96, 10/97 и 28/) поднесено од Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје.

13. Предлог за избор на судии на основните судови.

14. Предлог за разрешување на судија на основниот

суд Гевгелија.

15. Предлог на одлука за прогласување и избор на судии на основните судови.

16. Предлог на одлука за именување заменици на секретарот на Собранието на РМ.

17. Предлог на одлука за именување и разрешување републички советници на Собранието на РМ.

18. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со кинеското Народно Собрание.

19. Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

20. Предлог на одлука за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на работната организација за производство на филмови "Вардар филм" - Скопје.

21. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Работната организација "Национални паркови и ловишта" - Скопје.

22. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Работничкиот совет на Народниот театар во Битола.

23. Предлог на одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување работоводен орган на Народниот театар во Битола.

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања

на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Пратеничката група на ЛДП повеќе пати бараше информација за одредени состојби во одредени сфери на животот во РМ. Меѓутоа, Владата на РМ не не удостојува со информации кои би биле база за

расправа во овој висок дом. Така, на барање на пратеничката група на ЛДП се бараше од Владата да изготви информација за организација и финансирање на културата за 1996-1997 година. Таа информација не дојде.

Барам оваа тема да биде ставена на дневен ред од следните причини.

Предлагам оваа информација да се изготви од следните причини. Затоа што само во областа на културата остана нерегулирана со донесување на Уставот на РМ заради што за неа се применуваат прописи уште од 1973 година. Затоа што проблемите во организацијата и финансирањето се повеќе се продлабочуваат. Затоа што не само што отсуствуваат уставни решенија за културата отсуствуваат и назнаки за било каква културна политика, без било какви планови и програми за работа на Министерството, ниту пак мерила и критериуми за финансирање и сл. Затоа што културата во нашата земја се остварува во неповолен амбиент, несоодветни услови и без најави за било какви подобрувања.

Исто така барам во оваа информација да се стави на дневен ред заради причините што бројот и статусот за состојбата на организациите во областа на културата се наоѓаат во незавидна положба, да се разговараа износот на средствата по дејности утврдени во буџетот за дејноста, префрлени за дејноста и потрошени за дејноста. Прелиени во други дејности, со образложение зошто е направено тоа.

Институциите, организациите и проектите што се финансирале поименично со износи на средства што би значело колку средства и за што се дадени.

5. Одбиените институциите и организации и проекти што не се финансирање да се даде образложение зошто се одбиени.

6. Објективните мерила и критериуми со кои е остварено или одбиено финансирањето и во која постапка.

7. Новите вработувања во Министерството со посебен осврт на нововработените почетници без искуство на одговорни работни места.

8. Што е преземено за изготвување на Законот за културата и до каде е постапката и зошто.

9. Која и каква е политиката во културата, програми и приоритети, мерила на Министерството за 1998 година.

Господа пратеници, состојбите во областа на културата, би рекол се драматични. Ке се послужам со зборовите на г-динот Министер Унковски од скоро пред една година кога се обраќаше пред овој Парламент: "Ако сакаме нашата култура да ја разбудиме до една кома во која се наоѓа" констатација дека културата е во кома. Меѓутоа, таа комозна состојба сеуште трае. Барањето на информацијата кое беше до Владата за состојбите во културата од пратеничката група на ЛДП е всушност инсистирање за расправа за сите овие состојби. Тогаш министерот за култура истакна: "Министерството за култура сакаме да ги направиме следните работи во наредниот период. Прво, да донесеме општ закон за културата каде ќе се дефинираат односите благодарејќи на тој закон ќе се направи една радикална реорганизација и рационализација.

Второ, би сакал да направам една кадровска обнова на раководни кадри.

Трето, да се направи сопственичка трансформација на дел од објектите и институциите.

Четврто, темелна реформа на самото министерство.

Од сето горе изнесено од страна на министерот може да се констатира следното: Законот за култура сеуште не е донесе, а практично всушност тој претставува основа за реализација на сите овие 4 наведени приоритети кои ги даде министерот. Нема да имаме ни реорганизација, ни рационализација, ни трансформација, ниту реформа во Министерството, доколку немаме закон. Законот е главниот репер и база врз кои треба да се направат сите овие промени.

Наскоро Парламентот треба да го разгледува буџетот за 1998 година.  Немањето на закон ја хендикепира сферата на културата со сите нејзини дејности, да и се доделат онолку средства од буџетот колку таа има потреба навистина, и заслужува.

Немањето на законска регулатива како последица доведува до стихијна култура, политика без однапред дефинирани планови развојни и програми за работа. Досегашниот начин на финансирање на дејностите на културата се врши на тој начин што средствата наменети на една се префрлаат на друга дејност според моментните состојби и потреби. Признатa состојба во културата, оставката нас претседателот на Комисијата за култура г-динот Стефановски, состојбите во одредени битни институции на културата е повод пратеничката група на ЛДП по барањето доставено до Владата да иницира расправа во ова Собрание.

Законот за култура кој не е донесен овозможува да се користи закон уште од 1973 година. Денеска во некои материјали погледавме за Театарот во Битола се користи терминот, дека треба да избереме претставници, работничкиот совет на Театарот во Битола, значи егзистира законот од 1973 година. Неносењето на законот не само што не ги регулира односите во културата, туку директно е врзан за секој

поединец вработен во оваа област, за неговото опстојување, перспективи, со еден збор тој значи живот и се друго за оние кои делуваат во областа на културата.

Лично сметам дека министерот, г-динот Унковски.....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски, јас се извинувам што ве прекинувам, вие дајте го предлогот и кратко образложете ја причината, расправа ќе водиме доколку биде ставена на дневниот ред. Ве молам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, ова е краткото образложение, јас бев скоро готов. Лично сметам дека министерот г-динот Унковски е недоволно ангажиран, сите овие состојби да се измената и недоволно се залага за да отпочнат промените во оваа така важна сфера за нас и за нашата држава.

Односот и делувањето на министерот се сведува на протоколарни презентации на нашата култура надвор од нашата земја, додека внатрешните состојби се оставаат за некои други времиња, за некои други министри.

На крајот би рекол, од сето тоа може да се заклучи дека ние сега фактички, немаме ништо во културата, дека министерот повеќе е министер за надворешна култура, а дека министерот за култура на РМ не постои.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прво, не би се согласил со г-динот Станковски околу констатацијата дека Владата не ве удостојува со изработка на информации. Едноставно, Владата нема можности да бира дали ќе ве удостои или нема да ве удостои, со оглед на тоа што дали треба да изработи информација односно парламентот. Како ќе одлучи Парламентот, така ќе постапи Владата. Тоа било и во претходниот период, се надевам дека и во наредниот период тој вид на комуникација ќе се одржува на начин кој што ќе го определи Парламентот.

Ние и во други прилики при ваков повод сме се изјаснувале околу покренатите иницијативи за изработка на информации. Јас и покрај тоа што во овој момент имам на што да забележам, од образложението кое го даде г-динот Станковски, сепак не ќе си земам слобода тоа да го направам со оглед на тоа што не е право време, иако е можеби право место тоа да се направи.

Ние како Влада спремни сме да изготвиме информација и да му ја доставиме на пратеникот за негово лично информирање околу состојбите кои што тој овде ги образложи, со оглед на тоа што чувствувам дека за некои состојби нема комплетна информираност, па можеби после тоа ќе го промени мислењето за состојбите во културата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(Г-дин Станковски бара збор)

Не, не, немаме расправа.

Г-дин Станковски, реплика.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас би сакал за малку да го коригирам г-динот потпретседател на Владата. По барање на пратеничката група на ЛДП досега беа побарани повеќе информации. Една од тие информации беше и за невработеноста со посебен осврт на младите невработени. Владата не не удостои таа информација да ја достави.

Оваа информација за сферата во културата исто така, морам да ве исправам, во една процедурална работа, по барање на партија, на пратеничка група на било која партија Владата е должна да достави информација на ова Собрание, а по добивање на информацијата пратениците ќе одлучат дали да расправаат или не по таа информација. Јас се извинувам сте погрешиле, меѓутоа, тоа е процедура за барање информација или разгледуваше на таа информација. Мислам дека Владата мора да достави информација по барање на пратеничката група.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, во секој случај ние расправаме по предлог на г-дин Станковски за дополнуваше на дневниот ред на денешната седница со оваа информација.

Јас тој предлог го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (12)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани господа пратеници, господо министри, според Уставот на РМ постои совет за меѓунационални односи на кои му помина мандатот. Г-динот претседател на Републиката Киро Глигоров испрати писма до сите релевантни факти, партии итн. да предложат свои кандидати за состав на Советот за меѓунационални односи. Сеуште немаме ништо од тоа. Бидејќи идат многу странски делегации, мисии на ОБСЕ мисии вакви, такви, се интересираат многу за РМ, а не гледаат во други земји што се прави и тн., а добро е што се интересираат, бараат затворени седници и тн. да речеме во Комисијата за меѓу- национални односи, а Советот за меѓунационални односи една уставна категорија која што има голема ингеренција, јас би молел доколку оваа седница трае 2 дена, да речеме, ако може да се приберат податоци, Комисијата за избор и именуваше да преложи состав на нов совет за меѓунационални односи бидејќи на пример треба да се оди во Хелсинки, во Барселона и незнам каде, испраќаме луѓе на кои веќе им изминал мандатот. Па тие некои рафинирани податоци за Македонија и за сите оние што живеат овде, за националностите и т.н. кажуваат што сакаат, пишуваат што сакаат, што не е во корист на нашето живеење и соживотот, заеднички на сите граѓани на РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Абди, да ве информирам и вас и Собранието дека членовите на Советот за меѓунационални односи ги предлага претседателот на Републиката. Тој превзема консултации со сите релевантни субјекти и откако ќе биде готов ќе му предложи на Собранието состав на Советот и ние дури тогаш по тој предлог можеме да се произнесеме.

Според тоа, имам информации дека тие консултации се при крај и дека во најскоро време ќе биде предложен на Собранието.

**ФАИК АБДИ:**

Г-динот КироГлигоров, претседателот на РМ испрати писмо и ние го добивме тоа писмо, ние веќе испративме предлог. Претпоставувам дека и другите што им испратил писмо дадоа свои предлози. Малку да се забрза постапката заради тоа што има работи кои не трпат одлагаше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во ред, се разбравме. Нема потреба да гласаме за ова.

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Бидејќи до ден денешен не достави Владата информација во име на пратеничката група на ЛДП барам дневниот ред на 79-та седница да

се дополни со следната точка "Информација 5а потеклото на небуџетските готовински пари при МВР, нивната намена и одговорност за трошењето".

Пратеничката група на ЛДП поаѓајќи од изјавата на потсекретарот за јавна безбедност на МВР, г-динот Диме Гурев, на седницата на Анкетната комисија за јавните набавки во која вели "од касата е плаќано во готово, тоа е факт. Вие прашувате како се трошат буџетските средства. Вие немате мандат да прашувате од каде имаме други пари и како ги трошиме. Во 19 93 година имаше голема инфлација и бидејќи немаше девизен пазар се работело на црно."

Предлагаме оваа информација да се стави на дневен ред на денешната седница од следните причини за да Владата на РМ се произнесе по изнесениот став на потсекретарот за јавна безбедност во МВР бидејќи во досегашниот период ниту министерот ниту Владата не се оградија ниту пак преземаа конкретни мерки на одговорност. Заради потребата пратениците во Собранието на РМ да добијат прецизни информации за

а) потеклото за готовинските или кеш пари со кои располага МВР што не се од буџетот на РМ и целите за кои се наменети,

б) плановите за трошење на тие средства,

в) начинот на располагањето,

г) отчетноста за трошењето, бидејќи тие не се предмет на разгледување од страсна на пратениците во завршната сметка на буџетот на РМ, заради тоа пратениците да бидат запознати. Ако тие не се надлежни кои во оваа земја е надлежен да прашува од каде се

парите со кои МВР работела на црно како што рече г-динот Гурев и како се трошат тие пари и заради потребата пратениците да бидат информирани за постапката за менуваше на денарски средства на девизниот црн пазар од страна на МВР кое според Уставот е надлежен орган за борба против криминалот и сузбивање на црните девизни пазари.

Бидејќи е невозможно на овој начин да обезбедиме расправа, најавувам, доколку пратениците го одбијат ова наше барање дека за ова прашање ќе побараме одговорност од надлежните во форма што ќе гарантира расправа во Собранието на РМ. Дали тоа ќе биде интерпелација или некоја друга форма, дополнително ќе бидете известени.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

Г-дин Бузлевски, потрептседател на Владата.

**ВЛАДИМИР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова барање ние како Владата се произнесовме на претходната седница, остануваме на нашиот став кој што го искажавме тогаш, во таа прилика дека на ова барање сметаме дека е доволно да се одговори со евентуално поставено пратеничко прашање по кое што и во кое што Владата ќе го искаже својот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-дин Коцевски, молам да крене рака.

13 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

III/1.- ЈМ/МЛ

**ВЕЈБО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на седницата на Собранието на Република Македонија на која што беше донесен Законот за предвремена исплата на дел од штедните влогови на штедачите од пропаднатите штедилници ТАТ од Битола, Алфа СК од Скопје, Лавци од Охрид, меѓу другото беше донесен и заклучок на Собранието со кој што Собранието ја задолжи Владата на Република Македонија да ги испита можностите за преземање на дел, односно на имотите од овие пропаднати штедилници, со цел да се избегнат некои евентуални шпекулации во текот на стечајната постапка околу крчмарењето на овие имоти.

Барам за оваа, или наредната седница на Собранието на Република Македонија во името на пратениците од Битола, посебно од СДС да поднесе информација до каде се стигнати активностите на Владата околу реализација на овој заклучок. Со оглед на тоа што на денешната седница се тука присутни потпретседателот на Владата и министерот за финансии, првите луѓе од оваа област, сметам дека можеме да расправаме и денес по оваа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ТАКИ ФИТИ:**

Бидејќи е во компетенција на Министерството за финансии, јас нема да давам посебна информација сега, бидејќи ние долго тука испитувавме, има сериозни проблеми, предлагам за наредната седница на Собранието на Република Македонија Министерството за финансии да даде соодветна информација онака како што бараше господинот Тантаров.

III/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате господине Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАВО:**

Се согласувам.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, барањето за поднесување на Информација за мерките и активностите кои Владата на Република Македонија намерава да ги преземе за зголемување на извозот и намалување на надворешно-трговскиот дефицит на Република Македонија го поднесов на 15 октомври 1997 година. Од тогаш па до денес измина речиси еден месец. Така што Владата имаше доволно време да изготви и да ја достави до Собранието оваа информација. Оваа информација, потсетувам е поднесена согласно Деловникот на Република Македонија. На минатата седница која беше пред 14, или 15 дена потпретседателот на Владата господинот Бузлевски, нагласи дека Владата наскоро ќе ја достави оваа информација и се согласи со тоа дека Собранието треба да расправа по оваа проблематика. Со оглед на обемниот дневен ред на Собранието, предлагам до крајот на седницата да се изготви оваа информација и Собранието да расправа на оваа седница. Расправата по оваа информација е нужна од повеќе причини.

Надворешно-трговскиот дефицит на Република Македонија постојано се зголемува, извозот стагнира и овој дефицит не може да се балансира само со девалвација и со рестриктивни мерки. Овој дефицит може да се намали само со мерки на поттикнување на извозот пред се. Без поголем извоз на стопанските субјекти и неговото стимулирање не може ниту да започне решавање на натрупаните економски проблеми и не може да се оствари развојот на државата.

Исто така, доста долго најавуваните мерки во врска со поинтензивно стимулирање на извозот. Доцни најавеното кредитирање за подготовка на извозот и формираше на посебна банка, или фонд за ова кредитирање. Извозот на оние стратешки гранки кои како такви ќе ги утврди државата мора да биде кондициониран барем за одреден период. За некои производи, како што се на пример производите на ФАС 11 Октомври, МЗТ и други нужни се два циклуса на кредитирање и тоа еден за подготовка на производство за извозот и еден за пласман на производите на светскиот пазар, бидејќи познато е дека речиси сите светски производители ја нудат пред се опремата на кредит.

Покрај донесувањето на закони, почитувани пратеници ова Собрание треба да расправа и за актуелните настани во државата, како што е случај во земјите со развиена парламентарна демократија, а ако состојбите во стопанството и извозот не се доволно актуелни за ова Собрание, незнам што би било актуелно да се расправа.

Исто така почитуван претседателе ја користам приликата да не се јавувам повторно да потсетам дека на минатата седница ги одложивме пратеничките прашања и сметам дека по ова исцрпување на дневниот ред ќе бидат на дневен ред на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

За оваа седница не може да се изработи таа информација, со оглед на тоа што таа се работи и потребно е од повеќе ресори да се ангажираат соодветни стручњаци кои што комплетно ќе ја согледаат состојбата и ќе предложат идни мерки и активности кои што ќе бидат во

функција на поспешување, забрзување на извозната активност на Република Македонија, што впрочем е и една од заложбите на Владата на Република Македонија, со оглед на тоа што многу наскоро тоа ќе го видите и во проекцијата на макроекономската политика која што ќе ја добиете за ваше информирање, а која што ќе се одржи и дел во неа токму за активностите врзани за увозот и извозот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Шапуриќ, дали се согласувате со одговорот, или да го поставам предлогот на гласање?

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Јас се согласувам со одговорот под услов да не се одолговлекува со оваа информација во недоглед. Инаку, јас го разбирам потпретседателот дека Владата подготвува покомплексни мерки. Меѓутоа, јас конкретно согласно Деловникот барав да се расправа за оваа информација. И ако биде тоа во еден период од 15-тина дена најмногу, јас би се согласил. Претставникот на Владата рече дека може за 15-тина дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, го користам деловничкото право да кажам како ќе гласам јас лично и мојата пратеничка група ќе гласаат против усвојувањето на предложениот дневен ред за Седумдесет и деветтата седница на Собранието, бидејќи од дневниот ред беа отфрлени неколку значајни точки.

Прво, оценуваме дека не е добро што од денешната седница ќе се симне Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија, заради тоа што содржината на писмото кое е испратено од страна на пратеничката група за демократски просперитет се разликува со ставовите кои беа изнесени од страна на претставници на Партијата за демократски просперитет во јавноста по ова прашање. Тоа го наметнува отвореното прашање за тактизирањата, калкулациите и пазарењата кои понатаму се случуваат на релација СДС, ПДП во врска со употребата на јазиците на националностите на оваа собраниска говорница, иако тоа прашаше е многу прецизно одредено со Уставот на Република Македонија.

Второ, затоа што веќе седум години откако сме влезени во плурализам ова Собрание работи со одредбите од стариот Деловник за работа кои не се во спротивност со Уставот и со одредбите од Времениот деловник за работа.

Трето, затоа што не гледам никакви резони на денешната седница да не се расправа по овој предлог за донесување на деловник, затоа што тој не е текст кој треба денес да се усвојува, па и сите спорни прашања ако сакате и за употребата на јазиците на националностите на оваа говорница може да се разговара, затоа што тој Деловник може да оди во две, или три фази. Значи, според нас нема никакво логично образложение поради кое се симнува од дневен ред Деловникот за работа на Собранието. Исто така затоа што поради тоа и понатаму останува нерешен статусот на опозицијата со актите според кои работи Собранието, поради што од денешната седница исто така не беа прифатени две многу важни теми за расправа кои ги иницираше пратеничката група на Либерално-демократската партија за потеклото и прашањето на небуџетските средства во Министерството за внатрешни работи и за организацијата и финансирањето на културата, што е една

многу алармантна појава за вкупните дејности во областа на културата во Република Македонија. Од тие причини пратеничката група на ЈТиберално - демократската партија не може да гласа за дневниот ред на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација по Проектот Рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето;

2. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот Рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето;

3. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на вториот дел од Проектот за развој на приватниот сектор, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Италијанската Влада за реципрочно признавање на конверзијата на возачките дозволи, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за консолидација и репрограмирање на одредени долгови, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за заштита на топографија на интегрални кола;

9. Предлог за донесување на закон за заштита и предучилишно воспитание на децата;

10. Предлог за донесување на закон за државен печат на Република Македонија;

11. Предлог за донесување на закон за печат и жигови со грбот на Република Македонија;

12. Барање за давање на автентично толкување на членот 19 став 1, точка 1 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/92, 62/92, 63/92, 3/93, 4/93, 80/93, 42/94, 4/96, 71/96, 10/97 и 28/97), поднесено од Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје;

13. Предлог за избор на судии во основните судови;

14. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд - Гевгелија;

15. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови;

16. Предлог на одлука за именување заменици на секретарот на Собранието на Република Македонија;

17. Предлог на одлука за именување и разрешување републички советници на Собранието на Република Македонија;

18. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Секинеското Народно Собрание;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар-филм" - Скопје;

21. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Работната организација Национални паркови и ловишта - Скопје;

22. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Работничкиот совет на Народниот театар во Битола;

23. Предлог на одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување работоводен орган на Народниот театар во Битола;

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Кој е за предложениот дневен ред, да крене рака? (54 пратеници).

Дали има некој против? (9 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што се пристигнати мал број одговори на порано поставените пратенички прашања, што е услов за поставување на дополнителни прашања од страна на пратениците, предлагам поставувањето на пратеничките прашања да се одложи за наредната седница на Собранието.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (51 пратеник).

Дали има некој против? (6 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Поради тоа што се веќе отпочнати изборните активности за дополнителни избори во изборната единица број 73 во Тетово, предлагам Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија да ја разгледаме како прва точка од дневниот ред.

Дали се согласувате? (Се согласуваат) .

Минуваме на точката предлог на одлука за изменување на Одлуката за именуваше претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Во салата се присутни 62 пратеника. Очигледно е дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменува на Одлуката за именуваше претседатели, секретари, членови и нивни

заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација по Проектот рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

Предлогот на законот ви е поделен. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, нека ми биде дозволено сосема накратко да дадам образложение за двата Предлог-закони што се ставени по итна постапка на денешната седница на Собранието на Република Македонија, а кои што се однесуваат на рехабилитација и преструктуирање на системот за наводнување, фактички во земјоделството. Владата на Република Македонија ги заврши овие преговори со Светската банка и мотивите за отпочнување на преговори за мобилизирање на ваков вид на кредит беа повеќекратни.

Прво, не треба пред Собранието и пред пратениците да се објаснува колкаво е значењето на наводнувањето за земјоделската продукција во Република Македонија, имајќи го во предвид фактот дека живееме во подрачја со специфични климатски услови, каде што во текот на годината има доста сушни периоди. Мислевме дека имајќи ја предвид извонредно лошата состојба во која што се наоѓаат системите за наводнување дека е добро да се оди со нивна рехабилитација и мислиме дека од тоа ќе има корист, се разбира земјоделството како сектор, меѓутоа од тоа ќе имаат корист и самите индивидуални земјоделски про-

зводители и се разбира стопанството на Република Македонија во целина. Исто така, мислевме дека ќе биде добро да се мобилизира овој кредит и заради земјоделството, меѓутоа и заради фактот што главно станува збор за рехабилитација, ревитализација на инфраструктурата во три големи региони, тоа е: Полог, Тиквеш и Брегалница. Бидејќи станува збор за обновување на инфраструктурата, очигледно е дека и градежната оператива во Република Македонија ќе може тука да се ангажира. Според тоа, ефектите од реализација на ваков проект би биле мултипликативни и би имале поволно дејство врз стопанството на Република Македонија. Инаку вкупниот проект е во вредност од 32,5 милиони американски долари. Финансиската конструкција е затворена на начин кој што овозможува ангажираше на Светската банка за обнова и развој со 12,5 милиони американски долари и во нејзини рамки 7 милиони се кредит, фактички од Светската банка под условите што ги дава Светската банка, тоа се 20 години рок на отплата со пет години грејс период и каматна стапка либор плус 0,5%. Меѓутоа исто така тука имаме компонента што е многу битно од 5 милиони американски долари заем, фактички од Меѓународното здружение за развој како апријација на Светската банка, односно ИДА. Вие почитувани пратеници знаете дека ИДА кредитите се под извонредно поволни услови, тоа значи дека овие пет милиони американски долари би се враќале во временски период од 35 години со 10 години грејс период бескаматна стапка, фактички има само провизија од 0,75%.

IV/1.- РД/ЈБР

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Натаму кога се гледа конструкцијата го имаше тоа, ќе видите дека и Владата на РМ во оваа ситуација влегува со свој средства, за да заокружи финансиската конструкција, во износ од 6 милиони американски долари кои што сукцесивно, почнувајќи од оваа година и наредните ќе влегуваат во Буџетот и ќе се трошат за таа немена за реализација на проектот за наводнување и дефинитивно имаме една друга извонредна поволност тука, што Холандската Влада понуди и дава гарант од 12 милиони американски долари за реализација на овој проект. Мислам дека за земјоделските во РМ и за стопанството во РМ ова е навистина многу значајно и многу поволно и затоа ги молам пратениците да ги усвојат овие два закона. Ова образложение се однесуваше на двата закона.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Почитуван претседателе г-да министри , г-да пратеници,

Денеска расправаме за донесување на еден многу значаен закон, а најзначајното во овој Закон е тоа што има еден развоен карактер. Овие средства предвидени со законот имаат долгорочен развој на една многу значајна гранка, како што е земјоделството.

Сметам дека овој закон треба да го донесеме од Повеќе причини. Реков една од причините е затоа што има карактер развоен Друга причина е затоа што РМ е регион кој што има многу малку годишно врнежи, поради кои што не може да се замисли интензивно производство. Ние сакале или не, мора да признаеме последните години од повеќе причини имаме еден развој на многу екстензивно производство

затапеност на култури од екстензивен карактер кој што, даваат далеку помал приход, далеку помал доход, далеку помало вработување итн.

Со реновирањето на овие системи ќе овозможиме да ја промениме нивната структура на површините на овие површини каде се врши рехабилитација на овие системи, со што ќе се обезбеди добивање на далеку повисоко вкупно производство, како во областа на земјоделието, така и во целокупното производство на РМ, со тоа ќе се овозможи подобар стандард на граѓаните кои се занимаваат со таа област, а се разбира и земјоделството како заштитник на стандардот на граѓаните и ќе имаат такво влијание врз стандардот на сите граѓани на РМ, ќе се подобри со промена на сигурна структура, ќе се подобри искористувањето на преработувачките капацитети, за кој што засега не можеме многу да се пофалиме , бидејќи имаме мал процент на искористеност на преработувачките капацитети од примарното земјоделско производство.

Со реновирањето на овие системи, ќе се овозможи да се намали големиот губиток на вода и оттаму и едена податок ќе ви кажам во Брегалничкиот систем моментално негде од 40 до 50% имаме губиток на води, само поради тоа што се руинирани системите, односно ерuинирана главната каналска мрежа. Со ова 40 до 50% од губитокот на водата, директно влијае врз висината на цената на водниот надоместок кај земјоделските производители и директно влијае врз недостатокот на количината на водата кое што РМ ја има како расположива и која што може да ја искористи за земјоделско производство. Што значи и дека покрај истата количина вода, ќе го намалиме губитокот на вода и со тоа ќе ги зголемиме површините кои можеме да ги наводнување под системот на наводнување и ќе имаме поголемо искористување на површините под системот на наводнување. Ја ќе кажам еден податок

дека во последните години имаме многу мал процент на површините кои ги наводнуваме, токму од овие причини. Заради големиот губиток на вода, односно немање доволно вода до крајниот корисник и поради повисоката цена, токму од овие причини затоа што има губиток на големи количини на вода. Затоа лично сметам дека овој е многу важен закон за развој на земјоделството и сметам дека ова Собрание треба да го донесе по итна постапка, и покрај тоа што денеска ние доставен како закон. Дискусијата се однесува и на двата закона, бидејќи се работи за иста цел, за иста намена со различни услови, меѓутоа сметам дека условите се поволни и тоа Аграрот може да го поднесе.

**КОЛЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почиутван претседателе, почитувани министри, драги колеги, денеска имаме понуден закон од Владата од битно значење како што рече колегата Санде за развојот на земјоделието во РМ и развој на целата Држава. Јас денеска со едно големо задоволство ќе го дадам својот глас со оглед на тоа што не е само за развојот на земјоделството, туку и за условите под кој ќе се земе овој кредит, доста поволни услови и не баш мал кредит кој сигурно ќе даде големи ефекти за развојот во земјоделието и во државата.

Јас сакам само да го прокоментирам образложението на законот, се зема кредит за санација, односно рехабилитација на три системи за наводнување, Полошкиот, Тиквешкиот и Брегалничкиот. Најверојатно овие системи се во една таква состојба им е потребна рехабилитација, им е потребен кредит за санација на овие системи.

IV/4.-

Кај мене провејува прашањето зошто овие системи дошле до една таква ситуација да има големи губитоци на вода и сега е потребен кредит да се санираат. Мислам дека водостопанските организации кои стопанисувале со овие системи за наводнување, недоволно домаќински се однесувале, затоа и се нашле во една ваква состојба, а и самите корисници сигурно несовесно го користеле овој систем, па дошо системот во една таква состојба да државата има потреба од земање на кредит за санација на тие системи. Јас немам ништо против тоа да се санира и со кредит, меѓутоа, сигурно не мие драго, во образложението не читам изградба на нов систем за наводнување и тоа во Славичко Поле, Славичкиот регион, во оној регион од каде што потекнувам јас во оној регион од каде што доагам како пратеник. Имено, за запознавње на јавноста и на пратениците Славичко Поле се наоѓа во Северо источна Македонија, располага со обработливо земјиште кое во задните години е напуштено, заправо за тоа што е сушно и не се наводнува. Познато е дека овој регион е доста иселен, а е иселен затоа што земјата не била издашна, луѓето отишле во Куманово, во Скопје и ширум Републиката. Ако во овој кредит ваков во образложението пишуваше надовршување на Браната Отошница и почеток на изградба на Брана Длабочица кое предвидена во просторниот и Урбанистичкиот план во РМ или брана Муштеница, јас уште со поголемо задоволство ќе го дадам денеска својот глас за овој кредит. Еве во овој момент моето укажување и ова е укажување до Владата во еден нареден период кога ќе зема вакви кредити да ги има предвид и овој регион од РМ, кое доста богат со земјоделско земјиште, кое е напуштено. Јас тврдам овде дека доколку се изгради Браната Глобочита и се заврши брана Отошница што неколкупати спомнувавме овде во оваа говорница, Браната е почната 1990 година сеуште не е завршена, завршена е 84 до 85% оставена на

забот на времето. Доколку се изгради системот за наводнување во Славишко поле невработеноста на општина Крива Паланка сигурно ќе се намали за 60-тина % а во општина Ранковци, новоформираната општина сигурно ќе нема невработени.

Уште една замолница, имам само во ова образложение каде што се предвидени инвестициите да одат во овие три системи, еден мал дел, една трошка од тие инвестиции да влезе барем за завршување на Браната Отошница и истражни и проектански работи на Браната Глобочица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Колку пратеници се присутни во салата? (51 пратеник)

Значи немаме можност да гласаме.

Колку имаме присутни пратеници? (59)

Навистина не е коректно према оние пратеници кои се дисциплинирани.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на проектот Рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по проектот Рехабилитација и преструктуираше на наводнувањето.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отровам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Очигледно дека некој не гласа.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по проектот Рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на вториот ден од проектот за развој на приватниот сектор со Предлог на закон.

IV/7.-

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на Работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, дозволете ми за овој предлог закон да дадам краток вовед бидејќи и ова е извонредно значен кредит посебно сакам да го потенцирам значењето на овој кредит за понатамошниот развој на приватниот сектор во РМ. Вие најверојатно се сеќавате дека уште во септември 1996 година на РМ и беше одобрен кредит за поддршка на приватниот сектор во износ од 18 милиони ДМ од страна на Светската банка, од кој за реализација на приватниот сектор во сферата на индустријата беа наменети 14 милиони ДМ и 4 милиони ДМ за приватен сектор за таканаречените индивидуални фармери, со кој што ние велиме индивидуални земјоделци. Имајќи го предвид фактот дека оваа кредитна линија за релативно кратко време беше реализирана и банките ги одобрија кредитите, иако тука имаше и определени проблеми, РМ се стекна со правото да оди на нова кредитна линија, повторно преку Светската банка Тие 14 милиони ДМ кој што беа наменети за приватниот сектор до сферата на индустријата доста брзо се реализираат од страна на банките кои што беа оквалификувани за таа работа, потешко одеше работата со индивидуалните земјоделци, заради проблемите со хипотеките. Во оваа прилика ми е задоволство да соопштам дека во последниот месец се реализирани вее 22 кредита за индивидуални земјоделски производители. Ние дури се плашевме дека тие 4 милиони едноставно не ќе можат да бидат искористени, меѓутоа, веќе 22 кредита главно

преку Радо Банка се доделени на индивидуалните земјоделски производители, нивниот вкупен износ е околу 1.милион и 710 илјади ДМ а очекуваме веќе до крајот на јануари месец и целата таа линија за земјоделските производители ќе биде реализирана и тоа благодарение на фактот што се разреши проблемот со хипотеки, луѓето ги заложија своите приватни куќи, а исто така и деловен простор нивен и на нивните блиски роднини, така да, тој проблем е надминат и сега не е повеќе актуелно во овој момент барем формирање на посебен фонд за осигурување на кредитите во земјоделството, тоа можеме да го направиме и во иднина.

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Врз таа основа ги отпочнавме преговорите за втората кредитна линија за приватниот сектор во Светската банка и издејствувавме кредитна линија од 45 милиони германски марки, при што, воопшто нема страна поделба, како претходно, еден дел да биде наменет за индустрија, друг за земјоделство. Едноставно, за оваа кредитна линија може да се квалификува секое претпријатие, без оглед дали е мало, големо, средно. Значи, не е битна големината. Бе оглед дали е индустриско,дали е земјоделско или друг сектор. секое претпријатие, под услов дека е приватизирано 51% и под услов дека нема загуба во изминатите три години значи има релативно добри перформански за економско работење.

Светската банка, во меѓувреме, ги утврди банките што се квалификувани да го сервисираат овој кредит. тоа се Комерцијална банка - Скопје, Радо - банка, Тутунска банка, Стопанска банка - Охрид, Стопанска банка - Битола, Македонска банка, Охридска банка. Гледата, на списокот не е Стопанска банка. Во тој момент не ја квалификува Светската банка. ние инсистиравме тоа да го направат, бидејќи таму има голем кадровски потенцијал и полесно може да оди доделувањето на кредитите. Сега веќе има експерти од Светската банка кои го испитуваат тоа прашање. Ќе земат предвид и други банки, доколку ги исполнат условите и се квалификуваат.

Целата технологија на повлекување на кредитите е следна.

Светската банка го одобрува кредитот. Тој е по стандардни услови на Светската банка, 20 години, со 5 години грејс период, либор плус 0,5% каматна стапка. Во рамките на Народната банка на РМ која е банка - агент во овој случај има посебна единица која помага, врши, меѓу

другото и оценка на ефикасноста на инвестиционите проекти кои доаѓаат од претпријатијата. Комерцијалните банки, квалификувани тоа да го прават, избрани според критериумите на Светската банка, исто така вршат проверка на ефикасност на проектите.

Според тоа, приватните претпријатија своите инвестициони проекти ги поднесуваат до овластените комерцијални банки, тие ја проверуваат економската ефикасност ан проектите, ги доставуваат проектите што ќе поминат до единицата во Народната банка која прави уште една верификација и , дефинитивно,уште една верификација прави Светската банка. При последните преговори успејавме малку да ја упростиме целата процедура. Особено процедурата што беше врзана со доаѓањето од Светската во Народната банка да одат во поголем износ и да доаѓаат редовно за да не се губи тука и да не чекаат проектите во конкретната реализација. Кредитот станува ефективен веднаш, меѓутоа се реализира онака како што ќе биде одобрение определен инвестиционен проект.

Во преговорите успејавме да го зголемиме износот на под заемите. Порано, во претходната линија беше ограничен на 800 илјади германски марки, а сега е 2 милиони и 250 илјади германски марки. Значи, максималниот износ што може да го мобилизира едно претпријатие и тоа е максимум и според Статутот на Светската банка, бидејќи во Статутот на Светската банка вели дека поединец може да мобилизира највеќе 5% од вкупниот износ.

Сакам посебно, почитувани пратеници, да укажам на фактот дека мобилизирање на ваков вид на кредити што директно се наменети за претпријатија и го поддржуваат приватниот сектор нема директно

влијание врз задолжувањето на Република Македонија, како што е случајот со мобилизирање на кредити што мораме да го правиме во оваа ситуација за плантно - билансна поддршка, што едноставно одат за сервисирање на нашите долгови кон странство.

Овие кредити што ги мобилизираме на овој начин ги даваме на претпријатијата. Претпријатијата како крајни корисници се должни да ги вратат. Гледате дека, дефакто, инвестиционите програми поминуваат низ три филтри. Се врши строга селекција од комерцијалните банки, тука има улога Централната банка, Народната банка и исто така, според Методологијата, ги оценува и Светската банка. Тоа што ќе помине, тука веќе имаме релативно голема сигурност дека станува збор за рентабилни проекти. Значи, се намалува ризикот од евентуално невраќање па да паднат на товар на Буџетот на РМ, бидејќи во крајна линија РМ е гарант за овие кредити.

Ме радува фактот што во овој момент во нашите комерцијални банки веќе има доставено инвестициони проекти врзани со оваа кредитна линија. Според информациите што ги имам од директната комуникација со директорите на овластените банки, станува збор аз доста квалитетни, добри инвестициони проекти, така што после ова ќе почне процесот на одобрување на овие кредити. Претпријатијата ќе можат да ги мобилизираат и целата таа постапка да тече натаму.

Бидејќи на Комисијата за финансирање и буџет имаше доста забелешки околу начинот на реализација на претходната кредитна линија, бидејќи Комисијата за финансирање и буџет побара дополнителни информации, сосема на кусо ќе дадам само информации, а ако има дополнителни прашања после би одговорил.

IV/4.-

Околу реализација на претходната кредитна линија, вкупниот кредит од 14 милиони германски марки на крајните корисници им се одобрени сите средства. За финансирање на 32 проекти. Од вкупно одобрените кредити, крајните корисници, заклучно со септември 1997 година повлекле 4,15 милиони германски марки. Сега е зголемен степенот на реализацијата и процедурите се забрзани. Битно е дека сите проекти се одобрени.

Проектите, финансирани со кредит од Светската банка се од 14 стопански дејности, при што најзастапена е прехранбената индустрија со 7 проекти, со пресметковна вредност од 5,12 милиони германски марки. Текстилната индустрија со три проекти со пресметковна вредност со 2,4 Германки марки, дрвната индустрија со 3 проекти со пресметковна вредност од 1,7 германски марки и т.н. Средствата на Светската банка се лоцирани во 13 општини. Значи, во овој случај е постигната релативно добра регионална дисперзираност на кредитите од кои во Скопје 11 проекти, со пресметковна вредност од 7, 31 милион германски марки, Битола 4 проекти со пресметковна вредност 2,14 милиони гермнаски марки, Струга 4 проекти со пресметковна вредност 1,66 милиони германски марки, Штип 2 проекти и по 1 проект имаат Куманово, Гостивар, Кичево, Кавадарци и Злетово.

Тоа е состојбата со индустрискиот сектор , 22 проекти како што реков дека се одобрени во земјоделскиот сектор со 1 милион 710 иљјади германски марки. И тој дел на реализација на проектот оди релативно добро.

Во оваа смисла, имајќи го предвид значењето на овој кредит за поттикнување на развојот на приватниот сектор и претприемништвото во

Република Македонија, ги молам пратениците да дадат поддршка на овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Постои разлика помеѓу двата дела на проектот за развој приватниот сектор. Имено, во првиот дел на проектот беа разграничени точно средствата што ќе одат во индивидуалното земјоделие. Беше кажано таму ќе одат 4 милиони, плус 4 милиони и при Министерството за земјоделие требаше да бидат вкупно 8 милиони средства што ќе бидат наменети за индивидуалните земјоделци. Тоа беше добро за индивидуалните земјоделци. незнам зошто и во овој случај не го направиме истото така од едноставна причина што и министерот констатира дека индивидуалните земјоделци во поголем дел, односно подолг период не беа во состојба да ги користат овие средства заради гаранцијата кој ќе го враќа овој кредит. Затоа, би го прашал министерот, во меѓувреме од Министерството за земјоделие беше кажано дека ќе се формира фонд аз сигурност што ќе гарантира према земјоделците индивидуални дека 65% од вкупниот дел ќе го обезбедува Владата, а другиот дел ќе го обезбедуваат комерцијалните банки.

Би сакал и во овој случај да се направи истото, дали тоа ќе биде со одлука на Влада, бидејќи гледам дека во законот не може да се

интервенира во него, можеби дополнително со одлука на Владата, каде ќе биде кажано колку средства ќе бидат наменети за земјоделците. Сега, овој кредит е 45 милиони, претходно беше 18, па 4 беа за земјоделците. Ако има некоја пропорција овие средства од 4 да бидат зголемени на 10 или 8, како што беше првиот случај. Евентуално, да се направи нешто околу гаранцијата на земјоделците во однос на хипотеките.

Не е доволно само од земјоделците да се бара како гарант за кредитот хипотека да биде само куќата или деловен простор. Земјоделци индивидуалци многу ретко имаат деловен простор. Нивната можност аз барање поголема вредност, поголема сума на пари од овие кредити се ускратува со тоа што може само куќата да ја заложи. Би препорачал Владата овде ако може со некоја одлука и земјиштето да биде ставено под хипотека што секој земјоделец го има и заради тоа конкурира и може да конкурира со земјиштето и да земе средства од тој кредит.

Значи, средствата да бидат за земјоделците разграничени и во овој дел од кредитот, да се каже колку ќе бидат и во однос на хипотеките да се каже, да се поедностават условите и , програмите кога се доставуваат до комерцијалните банки, тоа да биде поедноставено затоа што првиот дел 14 милиони се искористија, уште тоа пред одморите оваа година, а со индивидуалните земјоделци тек почнува да се користат средствата. Државата секако е во загуба, на неповлечените средства плаќа 0,75% камата.

Благодарам.

IV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Овој закон е со меѓународен елемент и многу интервенции по однос на- текстот на законот, бидејќи потписник на Предлогот за поттикнување и развој на приватниот сектор е Владата. овде се работи за обезбедување кредит за реализација на тој проект.

Сакам да потенцирам едно различно мислење од почитуваниот г-дин министер по однос на тоа дека во делот на обезбедување на кредитот, така наречената хипотека, поедноставена е работата, дека отпочнало тоа како процес. Сепак мислам дека најголем проблем е тоа и за оваа скромен почетен биланс на користење на овие кредити од различните кредитни линии и, би било добро во расправата да се актуализира, при донесување на овој закон, да се актуелизира можноста тоа обезбедување во однос на барањето на износот на кредитот да не биде како постојното 1:2, што е навистина најголем ограничувачки фактор ако односниот приватен стопанственик, било во однос на мало или средно претпријатие или земјоделие ги поседува како капитал тие средства, зависно од тоа колкав износ бара плус двапати повеќе да има капитал, навистина не би му бил потребен кредит. Во таа насока го актуелизирам прашањето. Би било пожелно и Комисијата за земјоделие и Комисијата аз финансирање и буџет да го актуелизира тоа во една непосредна соработка и содејство со надлежните финансиски комерцијални банки.

Сакам да кажам една форма на јавен државен кредит во земјоделието, посебно во приватниот сектор би претставувало тоа што

во првите два закона ние го донесовме за финансирањето аз системите за наводнување.

Би упатил на една сугестија, поздравувајќи го и дека е за секако одобрување обезбедувањето на така поволни средства за рехабилитација и преструктуирање на системите аз наводнување, меѓу кој е и системот аз наводнување "Тиквеш" во идниот период, бидејќи светските финансиски институции финансираат во земјоделието, дел од наводнувањето, како најбитно, а бидејќи најголемата нерамноправност во земјоделието и кај земјоделците е вршење земјоделска дејност онаму каде има систем за наводнување и каде нема, во иднина во преговорите, како претставници на Владата од име на државата, да се преговара за изградба на нови системи, со што би извршиле навистина, навистина едно јавно кредитирање за кое што потоа би биле и како исполнетоста на условите за вршење на земјоделците многу , многу постартно, поволно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на вториот дел на проектот за развој на приватниот сектор.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(55 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Никој)

Пак истиот проблем.

Молам, колку пратеници се присутни во салата.

Присутни се 57 пратеници. Пауза до 14,00 часот.

(Пратениците инсистираат да се продолжи со работа бидејќи влегуваат во салата)

Не можеме вака да работиме. За секое гласање да се пребројуваме.

Да се договориме, ако навистина има потреба, ќе дадеме пауза па нека се завршат некој работи. Ако не, ги молам пратениците да седат во салата.

Добро, бидејќи има 63 пратеници сега во салата, повторно го ставам на гласање Предлогот на заклучокот.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој) Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница ако се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија за обнова и развој за реализација на вториот дел од Проектот за развој на приватниот сектор.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за меѓународен патен превоз на патници и стоки, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за меѓународен патен превоз на патници и стоки.

Кој е за предложениот заклучок , молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан ? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Нико<j)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Преминуваме на 5-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Италијанската Влада за реципрочно признавање на конверзијата на возачките дозволи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

VI/2.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Италијанската Влада за реципрочно признавање на конверзијата на возачките дозволи

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на законот и на членовите 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот и членовите 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам,претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гајтановски, заменик на министерот за внатрешни работи.

**ГАЈТАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Италијанската Влада за реципрочно признавање на Конверзијата на возачките дозволи.

Преминуваме на 6-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за консолидација и репрограмирање на одредени долгови, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, сосема накусо,станува збор за репрограмирање на долг во рамките на Парискиот клуб. Се репрограмира според стандардните усло-

ви што се содржани во правилата за репрограмирање на долгови на земји и кредитори членки на Парискиот клуб.

Инаку, станува збор за највисок долг што Република Македонија го има во рамките на Парискиот клуб. Тоа се 93,6 милиони американски долари, инаку предмет на репрограмирање се само 80,9 милиони американски долари. Тоа е фактички долгот без затезната камата што мора да се плаќа.

Инаку банка агент од страна на САД е ЕКСИМ БАНКАТА, Банката за финансирање на извозот и увозот во САД. Долго време ги водевме овие преговори, бидејќи преговорите се водеа по писмен пат, дефинитивно се усогласивме и ова го потпишавме со амбасадорот Хил. Многу беше значајно за Република Македонија бидејќи како што знаете ЕКСИМ БАНКАТА ја имаше ставено Република Македонија во земји со прилично висок ризик за инвестирање во Република Македонија. Со оглед на тоа што го репрограмиравме долгот и почнавме редовно да ги сервисираме обврските, при нашата посета во Вашингтон, побаравме од ЕКСИМ БАНКАТА и од потсекретарот на Американскиот трезот да се измената овие услови врзани со рангирањето на Република Македонија од страна на ЕКСИМ БАНКАТА како подрачје со висок ризик на вложување. Задоволство ми е да им соопштам на пратениците дека вчера добивме писмо од Ексим банката со кое меѓу другото се кажува дека на Република Македонија веќе и се отворени сите кредитни линии што се врзани со јавниот сектор и дека до средината на следната година тим на Ексим банката ќе ја посети Република Македонија, со што и во комерцијалниот сектор Македонија ќе биде ставена со многу помал ризик на вложување, што се разбира е извонредно значајно за Република Македонија. Така што значењето на ова репрограмирање, покрај олеснувањето на плаќањето на. долгот треба да се гледа и од овој аспект.

VI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувајќи го Договорот, апсолутно не е спорен, сакам да укажам на една процедура за која мислам дека Собранието треба да води грижа. Имено, "Спогодбата односно Договорот не е класично потпишан со двете договорни страни, туку потпишувањето е извршено по пат на размена на ноти меѓу амбасадорот на СДЦ и нашиот министер за финансии господинот Таки Фити. Со оглед дека според нашиот закон и Уставот ратификацииите се и на македонски јазик, укажувам на фактот дека писмото со кое американската страна го поддржува договорот и кое е дел од Спогодбата за ратификација на овој договор не е преведена и на македонски јазик. Тоа е една процедура која мислам дека може да го оневозможи стапувањето во правна сила на договорот, затоа што писмото на господинот амбасадор од Америка за ратификација во Собрание и за објавување апсолутно во Службен весник е составен дел на Договорот и тоа мора да биде преведено исто така на македонски јазик и така да го ратификува Собранието и така да се објави. Со оглед дека во договорот не е преведено, доставено е само во оригиналот упатувам на постапка евентуално да го антиципираме преводот и да го усвоиме така со заклучок стручните служби на Собранието преводот да го додадат како составен дел и така да се објави во Службен весник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да преводот не е доставен до пратениците.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не постои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Постои. Се прифаќа укажувањето на господинот Поповски во секој случај.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:** (Од место)

Исто е мислењето на Комисијата за финансирање и буџет. Преводот постои, незнам зошто е испуштено. Еве го овде кај нас и во Службениот весник ќе се објави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема сомнение, ќе се објави. Тоа не е доставено до некои пратеници.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на САД за консолидација и репрограмирање на одделни долгови.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Молам, за информација колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето)

Значи,имаме кворум, очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

VI/7.-

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на САД за консолидација и репрограмирање на одредени долгови.

Преминуваме на 7-та точка - Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

(Некој пратеник од место вели дека предлагачот не е тука)

Господинот Шапуриќ, не е тука, но не е деловничка пречка да расправаме ако не е тука предлагачот, тоа е негов проблем.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

15 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

24 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Преминуваме на^б^-та точка - Предлог за донесување закон за заштита на топографија на интегрални кола.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита на топографија на интегрални кола.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за развој и Заводот за заштита на индустриска сопственост.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Преминуваме на 9-та точка - Предлог за донесување на закон за заштита и предучилишно воспитание на децата.

Дали имаме присутен претставник на Владата по овој закон?

Немаме претставник на Владата по овој закон^

Одиме натаму, па ќе се вратиме на оваа точка кога ќе имаме претставник на Владата.

Преминуваме на 10-та точка - Предлог за донесување на закон за државен печат на Република Македонија.

Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Стојановски има збор, предлагач на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, ова се два закони кои претставуваат една целина. Едниот е Предлог за донесуваше на закон за државен печат на Република Македонија а другиот е Закон за печат и жигови со грбот на Република Македонија.

Суштината на овој предлог е иницирана бидејќи ова прашаше како и многу други не се усогласени со донесениот Устав на Република Македонија, причинуваат одредени тешкотии и импровизации до она што значи своеволно толкување и волонтаризам и мојата идеа беше со овој предлог на закон, кој дојде во две фази да успееме да ја пополниме оваа празнина. Имено, во овој закон се дадени и одредени алтернативи кои во одреден временски период би требало да бидат разгледани од пратениците, од Владата од комисиите за да може во втората фаза да прифатиме еден конкретен предлог, се разбира, кој би бил и усовршен и иновиран со одреден број амандмани.

Јас не би сакал да го објаснувам сето она што е содржано во законот. Би се задржал само на мислењето на Владата кое е негативно и како многупати досега практично многу едноставно дава нај- често свој коментар кога пратениците доставуваат предлог на закони или измени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Дека овој закон ќе го предложи и ќе го разгледа Владата и ќе го достави во што пократок можен рок. Не ни е ниту првпат, нема да биде ниту последен пат така што оваа моја иницијатива јас ја гледам од аспект,ако не повеќе, дека Владата ќе биде принудена да ги донесе овие два закони и како што вели со користеше на многу позитивни искуства што мене ќе ме радува иако јас ќе бев среќен ако тие позитивни искуства беа преточени во амандмани, во предлози, коментари затоа што јас во ниту еден момент не размислував дека овој закон треба да биде донесен по кратка постапка. Значи, предвидував две фази. Со оглед на тоа дека Владата имаше негативен став и дека групацијата која ја поддржува Владата најверојатно овој закон нема да го прифати јас ќе одам на еден компромис, на една солуција, а тоа е јас и двата закони ќе ги повлечам за сега, но ќе бидам упорен од министерот за правда денеска да побарам негова изјава кога ќе биде тој најкраток можен рок во кој Владата ќе даде свој предлог на овие два закони.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали друг бара збор?
Господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, Вам веќе ви е познато мислењето на Владата според кое овој предлог за донесување на закон не треба да биде прифатен еве сега разбравме дека самиот пратеник го повлекува и ние однапред знаевме дека со тоа Владата уште еднаш ќе го прифати ризикот да биде обвинета за градење и манифестирање на некаков одбоен однос кон предлозите на

пратениците од опозицијата од една страна и од друга страна дека притоа даваме шаблонски образложенија во однос на одбивањето на законите во кои таа тврди дека ќе понуди подобар закон и дека при неговото изготвување ќе консултира поголем број експерти и надлежни институции.

Би сакал во оваа прилика да ве убедам и да нагласам дека Владата нема било каква причина така да се однесува и дека секогаш во такви случаеви била мотивирана само со сопствената политичка одговорност пред овој Парламент да понуди закони чии импликации ќе бидат претходно добро пресметани и ќе бидат таквите закони справедливи.

Не сакам,со оглед на тоа што пратеникот веќе го повлече законот, само сакам да нагласам дека Владата ќе ја има во предвид оваа позитивна иницијатива од самиот пратеник и веќе на почетокот на следната година ќе изнесе свој предлог-закон кој ќе ја покрива оваа материја.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали ќе го повлекувате и првиот закон? Да, тогаш нема што да расправаме.

Минуваме на точката 12 - Барање за давање на автентично толкување на членот 19 став 1 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92,62/92, 63/92, 3/93,4/93, 80/93,42/94, 4/96, 71/96, 10/97 и 28/97), поднесено од Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

VII/3.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето аз давање автентично толкување на членот 19 став 1 точка 1 од Законот за данок на промет на производи и услуги поднесено од Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје не е оправдано и дека нема потреба од давање на автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Македонската берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

50 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (никој)

Колку пратеници се присутни? (55)

55 пратеници се присутни во салата.

Како да чекаме, што ќе чекаме овде, ве молам дури трае седницата не е местото на пратениците во ресторанот и бифето, туку кога има пауза. Ајде кажете како да работиме.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(Седницата прекина во 14,05 часот, а продолжи во 15,20 часот).

Продолжуваме со работа.

Го заклучив претресот по барањето за автентично толкување на член 19 став 1 точка 1 од Законот за данок на промет на производи и услуги.

(Претседателот повторно го чита заклучокот по точката)

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува?(никој)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Се враќаме назад на 9-точка бидејќи имаме претставник на Владата.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за заштита и предучилишно воспитување на децата.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници,

Согласно заклучокот на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и физичка култура изготвија заеднички текст на Предлог за донесување на закон за заштита и предучилишно воспитание на деца.

Усогласувањето на постојната законска регулатива со Уставот на Република Македонија и другите законски прописи, потребата од единствено и целосно регулирање на прашањата за системот, организацијата и начинот на обезбедување на заштита, предучилишно воспитание одмор и рекреација на децата ја наметнуваат потребата од донесување на нов закон за заштита и предучилишно воспитание на децата.

VII/5.-

Концептот на новиот закон е заснован на начелата и темелните вредности на Уставот според кој Република Македонија е правна и социјална држава која врз основа на хуманизам, социјална правда и солидарност посебно се грижи за децата и малолетните лица при што заради усогласен економски и социјален развој води хумана популациона политика. Притоа се почитувани одредбите од Конвенцијата на Организацијата на Обединетите Нации за правата на детето.

Законот треба да обезбеди нормативно правна регулатива за остварување на заштитата на децата како помош на државата се разбира, во согласност со материјалните можности во остварувањето на приоритетната должност на родителите, грижата и воспитанието на децата.

Овие прашања до сега се регулирани со Законот за општествена заштита на децата, Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и Законот за одморалишта на деца и младина. Со донесувањето на предложениот закон наведените закони ќе престанат да важат со што се обезбедува кодификација во нормативното уредување на оваа значајна материја.

Со Законот посебно се дефинирани заштитата на децата, предучилишното воспитание, одморот и рекреацијата како дејност од јавен интерес наспроти досегашниот третман на дејност од посебен општествен интерес.

Со Законот се утврдени видот и облиците на организирање како и видот на установите за деца, детска градинка и детско одморалиште кои ги вршат овие дејности, а се дава можност за организирање на згрижување, заштита и предучилишно воспитание и во други установи и просторни услови, а предучилишното воспитание и во забавишните групи во основните училишта.

VII6.-

За првпат во Република Македонија во оваа сфера се создаваат нормативно правни претпоставки за реализирање на приватната иницијатива основање на приватни детски градинки и приватни детски одморалишта. Со6 вградувањето на определбата за забрана на мачење, казнување или друг вид на агресивно постапување со децата како и политичко и верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата државата и со закон се определува за заштита на личноста и правата на децата со цел да се обезбеди нивен здрав психофизички развој и успешна социјализација. Развојот на заштитата, предучилишното воспитание, доморот и рекреацијата на децата и мрежата на јавните установи се утврдува со програма што ја носи Владата на Република Македонија.

Заштитата на децата во смисла на предлогот на законот ќе се остварува преку обезбедување на определени права за заштита на децата наместо до сега утврдениот начин преку организирани облици. Права на заштита на децата кои ќе ги обезбедува државата се:

Паричен надоместок за дете, паричен надоместок за дете со умерени, тешки и најтешки пречки во физичкиот или психичкиот развој, паричен надоместок за прворoccupied дете, партиципација на трошоците за услуги во јавни установи.

Паричниот надоместок за дете или детскиот додаток го остваруваат еден од родителите за дете државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Републиката и тоа зависно од материјалниот статус на родителот.

По однос на возраста дадени се алтернативни решенија и тоа детскиот додаток да се остварува до 18 години додека детето има статус на редовен ученик или до 26 години односно додека има статус на редовен студент како што е и постојното решение.

Новина во законот е процентуалното определување на износот на паричните примања на децата од просечно остварената нето плата на

работник во нестопанството во Република Македонија во последните три месеци наспроти досегашното решение според кое износот го определуваше министерот со општ акт и тоа во апсолутна големина.

Новина е и утврдувањето на учеството во опремувањето на првороденото дете како паричен надоместок наспроти досегашното решение кое предвидува остварување на овој облик во вид на пакет опрема.

Партиципацијата во трошоците за услугите во јавните установи не е нова категорија, но до сега беше регулирана со подзаконски акт, а се оствaруваше само ако имаше предвидено средства во Буџетот за таа намена. Додека сега со новиот Предлог на закон се промовира во право кое го гарантира законот.

Со Предлогот за донесување на законот е дадена можност единиците на локалната самоуправа да можат да определат поголем обем на права доколку обезбедат услови за нивно остварување.

Со Законот посебно се уредуваат организацијата и содржината на дејноста на детската градинка, детското одморалишта и забавинншите групи во основните училишта, органите на управување и раководење, стручните органи, кадарот, работното време како и прирачниците и детските списанија кои се користат во детските градинки и забавишните групи во основните училишта.

Дејноста на детската градинка опфаќа остварување на активности за организирано згрижување, престој, нега исхрана, воспитание и образование, спортско рекреативни, културно-забавни активности и здравствена и социјална заштита за развој на детето до 7-годишна возраст односно до вклучување во основното образование.

За децата кои не се опфатени со заштита и предучилишно воспитание во детската градинка можат да се организираат и други

скратени вонинституционални форми за заштита и предучилишно воспитание.

Во детските градинки можат да се организираат и други институционални активности за задоволување на специфичните потреби и интереси на детето. Се предвидува можност за формирање на советувалиште за деца и родители во состав на детската градинка за чија работа постојат просторни и кадровски услови.

Дејноста во детската градинка се остварува според планови и програми кои ги донесуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и физичка култура во зависност од видот на дејноста.

Програми за приватна детска градинка донесува основачот по прибавено мислење од соодветното министерство во зависност од времетраењето на детската градинка се остваруваат програми за целодневен престој, полудневен престој, скратени програми и вонинституционални програми во зависност до возраста на детето.

Во јавната детска градинка може да се изведува експеримент за воведување на нови воспитно-образовни содржини, форми и методи како и во забавиштата во основните училишта.

Заради зголемените ризици од заеднички престој на децата во група предвидена е обврска детската градинка да ја следат здравствената состојба на децата.

Со донесувањето на овој закон се воспоставува законска регулатива во делот на предучилишното воспитание и образование како прв потситем од единствениот воспитнообразовен систем. Исто така, овој закон ќе овозможи и примена на нова концепција и нови програми за воспитнообразовна и загрижувачка дејност за децата во предучилишната возраст.

VII9.-

Концепцијата и програмите согласно индивидуалните можности и интереси на децата ги дефинираат целите и задачите според кои се поттикнува интелектуалниот, физичкиот и социјалниот развој како и стекнувањето на знаење и искуства за животната средина и луѓето, развивањето на комуникациската способност, креативните способности на децата од оваа возраст.

Одморот и рекреацијата на децата како организирана дејност за престој, активен одмор, социјализација, воспитнообразовни, културно-забавни, спортско-рекеативни актвиности на децата, запознавање на природата, чување и негување на човековата околина и другите активности на децата до 15-годишна возраст се остваруваат во детските одморалишта.

Одморот и рекреацијата можат да се организираат и за деца со пречки во развојот.

Во јавното детско одморалиште се организира и зимување, летување, настава во природа и други форми како што се екскурзии, излети и сл.

Одморот и рекреацијата се спроведува според планови и програми кои ги донесуваат соодветните министерства.

Детската градинка и детското одморалиште донесуваат програма за работа.

Јавната установа за деца основа Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за труд и социјална политика во согласност со програмата за развој.

Приватната установа, приватна детска градинка, приватно детско одморалиште може да основа домашно правно и физичко лице врз основа на одобрение кое Владата на Република Македонија по претходно мислење до Министерството за труд и социјална политика ги издава.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:** (продолжение)

Средствата за основање на приватни детски градинки и приватно детско одморалиште ги обезбедува основачот.

Условите за основање, односно стандардите и нормативите за вршење на дејноста се утврдени со овој закон.

Во делот на стручниот кадар се уредуваат прашањата за кадарот потребен за вршење на дејноста, начинот на избор, како и работното време:

Видот на стручната подготовка на работниците во установите за деца се утврдува со стандардите и нормативите за вршење на дејноста.

Новиот Предлог закон како специјален закон во однос на законот за работни односи содржи одредба според која сообразно на специфичностите во процесотна работење установата може да заснива работен однос на определено време без јавен оглас, кој не може да трае повеќе од 3 месеци во годината.

Ново во законот е тоа што е дадена можност за трансформација на работниот однос на неопределено време со полно работно време во работен однос со пократко од полно работно време и обратно.

Согласно уставното решение за афирмација на принципот на стручност и компетентност во сферата на унапредувањето на јавните установи за деца се регулира организацијата и надлежностите на органите на управувањето и раководењето во установите за деца, како и стручните и другите органи.

Начинот на организирање и управување на раководењето со приватната детска градинка го уредува основачот.

Предлогот на законот содржи одредби за евиденција и документација што се води во детската градинка, детското одморалиште, како и одредби за правата за заштита на децата.

Начинот на водење на евиденцијата и документацијата ги уредува министерот за труд и социјална политика а за забавишните групи министерот за образование и физичка култура.

Средствата за финансирање на правата за заштита на деца и на дејноста на детските градинки и детските одморалишта се обезбедува од Републичкиот буџет.

Јавната установа за заштита на деца се финансира од буџетот, а средствата се издвојуваат на сметка и со нив управува и располага Министерството за труд и социјална политика.

VIII/2

За забавишните групи во основните училишта средствата за финансирање на овие институции се обезбедуваат преку Министерството за образование и физичка култура.

Се разбира, со Предлогот на новиот закон предвидена е и можност за обезбедување и на средства за финансирање и од единиците на локална самоуправа. Другите извори на средства кои ги предвидува законот се фондации, подароци, легации завештенија, солидарни средства и средства обезбедени во натура.

Цената за услугите од ваков вид и квалитет ги утврдува установата со претходна согласност на министерот за труд и социјална политика.

Министерството за труд и социјална политика донесува финансиски план, критериуми за распределба на средствата до крајни корисници и го контролира нивното наменско користење, а за забавишните групи во основните училишта Министерството за образование и физичка култура.

Цените на услугите и надоместокот кои паѓаат, ги поднесува родителот ги утврдува со општ акт министерот за труд и социјална политика, а за цените на забавишните групи во основните училишта министерот за образование и физичка култура.

Во предлогот на законот вршењето на контрола од страна на Министерството за труд и социјална политика не е повеќе дадена како можност, туку како постојана задача на ова Министерство за контрола на вистинитоста на податоците што се доставуваат до него, како и законитоста и правилноста во остварувањето и користењето на средствата.

Надзор на спроведување над законитоста на овој закон во делокругот од својата надлежност врши Министерството за труд и социјална политика, односно Министерството за образование и физичка култура.

Во новиот предлог за донесување на закон за прв пат се вградени одредби за заштита на деца во воена и вонредна состојба.

Во преодните и завршните одредби на Предлогот на овој закон се предвидува постојните организации за згрижување и воспитание на деца од денот на влегување во сила да продолжат да работат како јавни установи детски градинки. Од постојните организации за одмор и рекреација и од сезонските одморалишта во состав на Министерството за труд и социјална политика во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој закон се предвидува да се основа една јавна установа за одмор и рекреација со работи единици во состав.

Во однос на директорите на организациите за згрижување и воспитување на деца именувани пред влегување во сила на овој закон

предлогот предвидува да продолжат да ги вршат своите функции до истекот на времето кои се именувани, а директорите од постојните организации за одмор и рекреација до основањето на јавната установа за одмор и рекреација.

Предлогот на законот предвидува решение во однос на работниците со високо, више и средно образование, кои на денот на влегување во сила на овој закон немаат соодветен степен на образование. Имено, истите се должни да го дооформат образованието согласно одредбите на законот и стандардите и нормативите за вршење на дејноста во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на законот. Во спротивност, се разбира ќе им престане работниот однос.

Со оглед на тоа што ова е прва фаза од донесувањето на законот, тоа значи очекуваме да се расправа за потребата од донесувањето на законот, а се разбира и сите сугестии и укажувања, предлози за подобрување на определени решенија предвидени во законот, сугестии околу алтернативните решенија содржани во текстот, како и сугестии за подобрување на текстот на законот ќе бидат земени во предвид при изготување на законот во наредната фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, После ова целосно преставување на содржината на Предлогот за донесување на закон за заштита и предучилишно воспитување на децата од страна на претставникот на Владата, навистина нема многу простор за вклучување во расправата од аспект на она што значи поддржување на предложената содржина и одредби од законот. Јас како пратеник од пратеничката група Либерално-демократската партија исто така го сметам и оценувам дека се исполнети условите и има потреба и причини за донесување на овој закон.

Основните начела кои се во предлогот за донесување на закон се содржани целосно во текстот на самиот закон кој како таков треба да се донесе. Во прилог на мојата дискусија ќе укажам на некои коментари како различни видувања на предложениот текст и содржина на законот виза ви предлагачот.

Апсолутно е добро што се задржани правата за детска заштита. Тоа се правото на надомест за партиципација за трошоците од јавните установи, правото за првородено дете и правото за надомест на деца со психофизички недостатоци.

Исто така, и регуларноста на ова право едноставно како новина, она што го објасни и госпоѓата министерка, сметам дека и не е толку битен начинот на исплатување на надоместок за деца отколку што е битно износот на тоа. Ако на пример, во најмала рака се задржува тој износ тој тогаш е за поддржување и самиот нов пристап на пресметување.

Она што сакам да го кажам и да го потенцирам е дека во делот на спроведувањето на досегашниот закон, во таканаречениот надомест за деца или детски додаток имаме и една пракса во примената на законот да во период од година дена се исплатува редовно тој детски додаток. Тоа е една недозволена работа, една работа која што треба да се алармира и јас алармирам на оваа говорница како повод на донесувањето на предлогот на овој закон, се работи за корисници, еден од родителите на осумдесет илјади фамилии, која е исто така една завидна бројка и смета дека, еве едно упатување и сугестија до претставниците на Владта со изготвуањето и објаснувањето на Предлогот на закон за наредната фаза за неговото донесување би било добро во објаснувањето за донесувањето на законот да се презентира дека овој проблем на неспроведување на законот и на нередовно примање на детскиот додаток во период од година дена дека со донесувањето на Предлогот на законот во наредната фаза ќе биде надминат односно на корисниците 80.000 фамилии тоа им е исплатено.

Втора работа, мислам дека е многу битно во корисниците на детскиот додаток ако забележавте, ако не јас упатувам на тоа дека правото на детски додаток е врзано за вработен родител и тоа се сите вработени по сите основи. Тоа се пензионерите, тоа се невработените кои примаат паричен надоместок а тоа е еден дел од невработените лица. Поголем број, доминантен број од невработените лица не примаат паричен надоместок односно го искористиле правото на паричен надоместок. Исто така предвидена е категоријата на корисници кои примаат постојана парична помош, а постојана парична помош примаат исто така многу помал број отколку што се другите корисници по Програмата за социјална сигурност.

Сметам дека ова е намалување на прават на корисници на правото на детски додаток. Тоа не е во согласност и со критериумот од основното

начело дека државата се грижи за заштита и предучилишно воспитание на децата односно претпоставка дека е единствен системот на заштита и предучилишно воспитание. Со тоа, потенцирам, 6и требало да се уреди равно правно секој родител чие што дете подлежи на исполнување на условите за примање на детски додаток истото го прима без разлика на статусот на вработен, без разлика на статусот на невработен, на примател на паричен надоместок или пензионер. Тоа треба да биде за сите исто по принципот на солидарност. Сега како што е во предлогот се исклучени невработените кои не примаат паричен надоместок, тие се голем број и примателите на социјална помош или сигурност, кои се исто така многу значителен број.

По алтернативата за варијантата дали статусот детска возраст да се признава до 18 години или до 26 како што е кај нас материјално социјалната состојба на родителите на тие деца сметам дека би требало да се прифати не основното решение, туку варијантата односно таа улога на детска возраст и користење на правото на детски додаток да важи не до 18 туку до 26 годишна возраст на децата односно до завршувањето на студиите.

Понатаму, сметам дека она што е новина во овој закон и што се однесува на тоа дека локалните самоуправи можат да учествуваат над нивото што го обезбедува државата во финансирањето на правата на детска заштита, и што е добро и што е за поздравување мислам дека од искуство и пракса треба да се преиспита предлагачот дали не е потребно и во делот на дејностите односно во делот на финансирањето на детските градинки, секако из финансирањето на детските одморалишта над стандардот што го обезбедува државата не се даде можност да учествува и локалната самоуправа. Сметам дека тоа е од интерес и за поквалитетно и повисок стандард на задоволување на правата од детска заштита и користењето на одморот и рекреацијата на децата.

Сакам да потенцирам едно прашање кое што е регулирано во преодните и завршните одредби а кое што се однесува на делот на предлагањето сите детски одморалишта и овие што досега функционираа како работни организации или посебни правни лица и овие кои што функционираа како служби организациони на Министерството за труд и социјална политика предлагаат да се формираат во основање на едно посебно јавно претпријатие на Републичко ниво.

Мислам дека има аргументи, мислам дека има и искуство од функционирање на детски одморалишта да се преиспита можноста дали е тоа најдоброто решени. Ако нешто работи и функционир како посебно

правно лице имаме многу други примери со централизацијата да таквото добро функционирање и таму каде што добро работи да се изгуби.

На крајот навистина би потенцирал Министерството за труд и социјална политика, бидејќи во договор со Министерството за образование и физичка култура и добро е што се договориле во однос на детските градинки да бидат и таму и таму сметам да не се однесува по однос на финансирањето на правата за детска заштита, посебно на правото на детски додаток да не се однесува и да се издејствува во интерес на тие 80.000 фамилии и во интерес на тоа што е многу битно тој дел на учество, како средства од детски додаток за рамноправен став за сите деца во предучилишната возраст сметам Министерството за труд и социјална политика наместо и самата да биде социјала во однос на Министерството за финансии по повод на донесувањето на овој закон да се избори за до исплатување односно редовно исплатување на заостанатите износи на детски додаток. Нека биде повод наредното донесување, наредната фаза на донесување на законот односно Предлогот на законот за детска заштита и предучилишно образование.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Пред нас е предлог на закон кој што нуди одредени права од доменот на заштита во предучилишното воспитание на децата, предлог на закон кој што инкорпорира досегашни три закони се со цел да се подобри заштитата на децата во предучилишните установи, како и оние во делот на рекреацијата и одмор на децата.

Како Предлог на закон целосно го прифаќам затоа што сепак нуди подобри решенија отколку досегашните што беа низ повеќе од 3 закони, но морам да кажам дека одредени членови во Законот можат и треба да претрпат одредени измени се со цел да се подобри крајниот текст на законот кој ќе биде понуден за донесување.

Во членот 12 алтернативата може да се најде едно решение кое што подобро ќе ги објасни правата на одредена категорија на користењето на оваа социјална заштита ако се каже дека "до 18 години и

оние кои се на школување или студирање". Еве зошто, затоа што по некогаш ако ги исклучиме децата затоа што сите не завршуваат можеби на 18 години заради икс причини, да ги издвоиме ученици до 18 и студенти до 26 можеби ќе направиме одредена грешка односно пропуст на дел за ние кои не го завршуваат средното образование до 18 години. Тука треба едно размислување да се понуди една алтернатива која што ќе ги заштити сите овие категории што треба да примаат таква социјална заштита.

Во членот 40, став 2, во делот на социјалната заштита на децата кои имаат психофизички недостатоци степенот на категоризацијата. Дали законот ќе дозволи, иако понатаму во текстовите на истиот член, во другите пасуси стои дека се формираат специјални групи во овие установи, со вториот став да не пропуштиме подобро да го регулираме да упаднат и деца кои што имаат поголем степен на оштетување и што можеби ќе биде пречка во нивното воспитување, членот 40 во нивното понатамошно воспитување односно пречки во развојот на оние што се со нормален психофизички развој.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Членот 82 треба да се дополни. Имено, персоналот кој работи во сите овие установи, освен тоа што мора да има специјалистички преглед заради заштита на здравјето на овие деца, истите тие лица што работат во делот на воспитувањето, во хранењето, односно негата на овие деца, мора да имаат санитарни книшки, а со санитарната книшка ќе бидат обврзани да одат на периодични прегледи се со цел да не ни се случи понекогаш она што ни се случува, заради клиценоштво во градинките да ни се јавуваат одредени епидемии. Значи тоа е се со цел да се заштитат оние кои се згрижени во овие градинки.

Во делот на одредбите за одредените права од здравствената заштита, мислам дека се дадени широки права. Мислам дека доаѓа до комплетно покривање на заштитата на сите оние кои им е потребна таквата заштита, на ова наше младо поколение.

На крајот сакам да поставам уште едно прашање.

Со оглед на тоа што има одредени сознанија за одреден установи кои се градат за ваква заштита, предучилишна, денес не се искористени. Тоа е правото на концесии, затоа што во законот предвидуваме да имаме и јавни и приватни установи. Ако имаме таков неискористен простор и во делот на рекреацијата, затоа што имаме објекти кои ги градевме на времето, а денес не се заштитени од нивното уништување, односно во делот на одржувањето, да се даде можност со овој закон дел од неискористените средства да бидат заштитени и преку давањето на концесии затоа што корисникот што ќе ги користи ќе води грижа и за нивно одржување.

Во делот на раководењето на овие установи, таму може тоа да биде односно тие да бидат со високо или вишо образование. Незнам во

денешни услови кога сакаме да направиме дообразување на оние кои според систематизацијата на вработување треба да го доформат своето образование, па да им дадеме можност во тој дел, во раководењето да дојдат и луѓе кои имаат понизок степен на образование.

Го поддржувам овој предлог-закон и се надевам дека набрзо ќе ни дојде еден закон за негово дефинитивно донесување, што еве низ овие дискусии, а ќе има и многу други работи кои законот текстуално ќе го подобрат и ќе имаме подобар закон.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Денес пред нас е Предлогот за донесување на закон за заштита на децата. Сигурно дека еден ваков закон, можеби, требаше уште порано да се донесе, со оглед на грижата што би требало да ја води едно општество. Сигурно дека сите ние сме свесни за тоа што значи здраво дете. Тоа е здрава иднина. Но, во секој случај јас на почетокот би го поздравил донесувањето на овој закон со одредени забелешки, со оглед на тоа што моето длабоко убедување, и покрај напорите што ги направиле двете министерства е дека овој закон сепак треба да биде закон на денешнината, а има делови кои идеолошки се со заостанати убедувања.

Прво, тоа се однесува на член 23 од законот каде што предлагачот предвидува паричен надоместок да добиваат само до трето дете, што за мене апсолутно е неприфатливо. За мене тоа е остаток од едно минато време кога се тежеше со политика и со политички одлуки да се води некоја демократска политика.

Многу јасно е сегде во светот дека таквиот начин на водење на демографска политика е штетен и последиците од таквата политика секогаш се чувствуваат подоцна. Многу е јасно дека демографската политика, односно бројот на децата е поголем кај сиромашни семејства каде стандардот е понизок, кои живеат во субстандарди, додека тој број на деца кај фамилии со повисок стандард, кај пообразовани фамилии, секоја статистика ќе покаже дека тој број опаѓа.

Се додека во светот денес се водат разно разни борби токму поради овие причини ние денес, на прагот на XX1-от век да донесуваме закон, или со некој друг закон да се обидуваме да направиме демографска политика, за мене е погубно. Ако има некој овде научно да докаже дека ова ќе дава резултати, нека повели. Но, јас сум длабоко убеден дека со тоа ние ништо не решаваме, само навлегуваме во приватноста на човекот, во неговото уставно право тој сам да одлучува за неговото семејство и за неговата иднина. Според тоа, ја поздравувам иницијативата на Комисијата за образование, овој член 23 да се преформулира и такво право да може да остваруваат сите деца од едно семејство.

Друга работа за која би сакал да кажам овде е следното.

Факт е дека во предучилишно образование се опфатени воглавном деца што живеат во урбани средини, додека децата во предградието, децата во селските населби во многу мал процент, да не кажам занемарливо мал процент се опфатени во таков вид на образование и заштита.

Мислам дека е ред, денес кога носиме ваков закон малку да поразмислиме за тоа и на некој начин да ги ставиме во рамноправна положба сите тие граѓани на Република Македонија, без оглед каде живеат, дали се тоа во град или во предградски населби или во село, имајќи го уште во предвид и тоа дека се повеќе и повеќе луѓето што живеат во предградските населби или во селата се занимаваат со

други дејности. Од тие причини постои потреба и тие деца да бидат опфатени во тие предучилишни установи.

Со овие забелешки го прифаќам Предлогот за донесување на закон, со надеж дека во другата фаза овие недостатоци ќе се отстранат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за заштита и предучилишно воспитание на децата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од денешната расправа на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за образование, физичка култура и Министерствово за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

49 пратеници.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Ве молам колку пратеници се присутни во салата? (57).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на заклучокот го ставам уште еднаш на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 13 – Предлог за избор на судии во основните судови.

Предлогот за избор на судии, мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и преминуваме на гласање.

Предлогот, Ордан Митревски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Ордан Митревски е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот Весна Басотова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Весна Басотова е избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот Татјана Коколанска да биде избрана за судија на Основниот суд Куманово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Татјана Коколанска е избрана за судија на Основниот суд Куманово.

Предлогот Марија Горѓиева да биде избрана за судија на Основниот суд Струмица, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој):

Констатирам дека Марија Горѓиева е избрана за судија на Основниот суд Струмица.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за разрешуваше на судија на Основниот суд Гевгелија.

Предлог-одлуката ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Судскиот совет, почитувани пратеници.

Сакам да обрнам внимание и евентуално Собранието да биде запознаено што е тоа што се случува со изборот и особено посебно со случаите на разрешување на судиите.

Колку што јас паметам пред година или две избравме во глобала судии на основните судови подзаконските и уставни услови, како ја вршат својата функција, до крајот на работниот век итн. и знаеме дека за едно место конкурираа најмалку по неколку кандидати и во многу полемични дискусии се вршеа изборите, за да, еве, сега сме сведоци, последнава година јас како пратеник, практично, и не паметам да одржиме седница на Собранието а да не разрешуваме по еден судија по сопствено барање, а само пред година или две, исто така, по нивна лична желба и конкурираше на конкурсот објавен во Собранието, ги гласавме за судии.

Мислам дека навистина се случува еден процес преку кој Собранието така лесно поминува, да разрешуваме судии кои самите тоа го бараат, независно од фактот што само пред година дена сами конкурирале, под истите услови кои важат и денес за своите работни места, а во исто време и повторно бираме нови, па сега секое разрешување отвора,секоја наредна седница, некакво именување. Со тоа мислам дека влеговме во еден верижен процес на кој му нема крај. Мислам дека тоа е еден интересен показател, па да слушнеме кои се причините, со оглед на тоа што пратениците, освен тоа дека тоа оди по сопствено барање, немаме никакви други информации, кои се причините за фактот што секоја седница упорно добиваме барање за разрешување по сопствено барање на судиите, најчесто од основните судови.

Што е тоа, Собранието веројатно треба да почне- да размислува зошто се случува тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го разреши Иван Диманов од функцијата судија на Основниот суд Гевгелија, по негово барање.

Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на основните судови.

IX/9.-

Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за именување заменици на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Кој е за предлогот Рокса Георгиевска да биде именувана за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Рокса Георгиевска е именувана за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот Земри Елези да биде именуван за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Земри Елези е именуван за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.

На именуваните заменици секретари им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точка 17 - Предлог на одлука за именување и разрешување републички советници на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и поминуваме на гласање.

Кој е за предлогот Љубомир Варошлија да биде именуван за републички советник во Собранието на Република Македонија, молам да крне рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Љубомир Варошлија е именуван за републички советник во Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот Живко Тодоровски да биде именуван за републички советник во Собранието ан Република Македонија, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Живко Тодоровски е именуван за републички советник во Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот Момчило Апостолов да биде разрешен од функцијата републички советник во Собранието на Република Македонија, молам да крене рака?

56 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Момчило Апостолов е разрешен од функцијата републички советник во Собранието на Република Македонија, поради истек на мандатот за кој беше именуван.

Му благодарам на господин Апостолов за досегашната соработка, а на именуваните републички советници им посакувам успех во вршењето на нивната функција.

Точка 18 - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Секинеското Народно Собрание.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Секинеското Народно Собрание.

Точка 20 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар филм" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува до гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на работната организација за производство на филмови "Вардар - филм"-Скопје.

Точка 21 - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Работната организација Национални паркови и ловишта - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување директор на Работната организација Национални паркови и ловишта - Скопје.

Точка 22 - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Работничкиот совет на Народниот театар во Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во работничкиот совет на Народниот театар во Битола.

Точка 23 - Предлог на одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување работоводен орган на Народниот театар во Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување работоводен орган на Народниот театар во Битола.

Точка 24 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за согледуваше на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и деветтата седница на Собранието.

(Седницата заврши со работа во 16,30 часот).